2021

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ДАВАЊЕ И ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИИ И СПОНЗОРСТВА

Предмет, користење и даночни поттикнувања кај донации и спонзорства во јавни дејности

| | |
|---|---|
| Подготвува и издава: | Управа за јавни приходи<br>бул.„Кузман Јосифовски-Питу" бр.1,<br>1000 Скопје<br>www.ujp.gov.mk<br>info@ujp.gov.mk |
| Дата на издавање: | 12.01.2021 година |
| Уредници: | Соња Трајкоска, Севдие Исмаили, Елена Митриновска и Анета Чупеска - Сектор за услуги на даночни обврзници и даноци |
| Дизајн и припрема: | Драгица Николоска - Сектор за поддршка на директорот и односи со јавност |
| Наслов: | Давање и примање на донации и спонзорства |

ISBN: 978-608-4866-26-8
Бр: 208/1
http://www.ujp.gov.mk/mk/publikacii/pogledni/11

**2021 © Управа за јавни приходи**

*Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*

## СОДРЖИНА


ВОВЕД .....2

ЦЕЛИ НА ДАВАЊЕ НА ДОНАЦИЈА И СПОНЗОРСТВО.....3
Што е донација?.....4
Што е спонзорство?.....5

ДАВАТЕЛ И ПРИМАТЕЛ НА ДОНАЦИЈА И СПОНЗОРСТВО.....6
Кој може да биде давател на донација и спонзорство?.....6
Кој може да биде примател на донација и спонзорство?.....6
Кога примателот на донацијата станува сопственик?.....7

ПОСТАПКА ЗА ДАВАЊЕ И ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА/СПОНЗОРСТВО.....8
Договор за донација/спонзорство.....8
Решение за потврдување на јавниот интерес на донацијата/спонзорството.....8
Потврда за донација.....8
Извештај за дадена и примена донација/спонзорство.....9

ДАНОЧНИ ПОТТИКНУВАЊА.....10
Персонален данок на доход.....11
Данок на добивка.....12
Данок на додадена вредност.....14
Даноци на имот.....15
Контрола на користењето на донацијата/спонзорството?.....16

## ВОВЕД

Секогаш кога се остварува јавен интерес, а тоа е овозможено или поткрепено со донирање и спонзорство, даночните поттикнувања се посакувани.

Даночните поттикнувања за некого се мали, за некого големи, повеќе стимулативни или помалку стимулативни, остварливи со голем или со помал даночен товар.

Оваа брошура треба да ви помогне како правилно да пристапите кон примена на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, односно:

- На кој начин давателот и примателот на донации и спонзорства можат да бараат даночни поттикнувања?
- Која е целта на давање и примање на донации и спонзорства?
- Кој е дawател и примател?
- Што може да биде предмет на донација и спонзорство?
- Начин на користење на донацијата и спонзорството?
- Кои се даночните поттикнувања?
- Потребни документи за даночните поттикнувања?
- Начин на евидентирање и контрола на донациите и спонзорствата во јавните дејности?

## ЦЕЛИ НА ДАВАЊЕ НА ДОНАЦИЈА И СПОНЗОРСТВО

Донации и спонзорства се даваат за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес.

**Јавен интерес** е подржување или промовирање на јавните дејности.

**Јавна дејност** е дејност во областа на:

- Заштита на правата на човекот и граѓанинот;
- Образование;
- Наука;
- Развој на информатичко општество и пренос на електронски податоци;
- Култура;
- Спорт;
- Здравство;
- Социјална заштита;
- Заштита на лица со инвалидитет;
- Крводарителство;
- Детска заштита;
- Заштита на животна средина; и
- Други дејности, утврдени со закон како јавна дејност.

## Што е донација?

**Донација** е доброволна и безусловна помош во пари, добра и услуги која не создава директна корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата. Донацијата може да биде дадена за:

- цели од јавен интерес, или
- за поддршка на активностите на примателот.

**Предметот на донацијата** мора да е во согласност со дејноста на примателот на донацијата.
Предмет на донација не можат да бидат добра и услуги чиј промет е забранет со закон.

**Донацијата** може да се даде во: жирални пари, финансиски средства, теледавања и организирани настани за прибирање на средства, секаков вид добра и услуги, вклучувајќи и материјални добра, сопствено произведени или набавени, и завештанија и други преносни права.



## Што е спонзорство?

**Спонзорство** е доброволна финансиска исплата, давање добра или услуги за конкретен проект и/или активности кои овозможуваат директна корист на давателот како што се:




**Предметот на спонзорството** мора да е во согласност со дејноста на примателот на спонзорството. Предмет на спонзорство не можат да бидат добра и услуги чиј промет е забранет со закон. Спонзорството може да биде дадено во: финансиски средства, секаков вид добра и услуги вклучувајќи и материјални добра, сопствено произведени или набавени, и завештанија и други преносни права.



## ДАВАТЕЛ И ПРИМАТЕЛ НА ДОНАЦИЈА И СПОНЗОРСТВО

### Кој може да биде давател на донација и спонзорство?

**Давател на донација и спонзорство** може да биде домашно и странско физичко и правно лице чие делување е во согласност со Уставот, законите на Република Северна Македонија и ратификуваните меѓународни договори.




### Кој може да биде примател на донација и спонзорство?

Делувањето на примателот треба да биде во согласност со Уставот, законите на РСМ и ратификуваните меѓународни договори.

**Примател на донација** може да биде:
- домашно правно лице, и
- странско правно лице - кое има непрофитен карактер за остварување јавен интерес во друга држава (во случај на елементарни непогоди, природни и хуманитарни катастрофи).

Кога примател на донација е *здружение или фондација* која се стекнала со статус на организација од јавен интерес согласно со Законот за здруженија и фондации или кога примател на донација е здружение или фондација која согласно со основачкиот акт е основана за конкретна финансиска поддршка во врска со

јавен интерес утврден со закон, може да не се склучува договор во писмена форма, при што како основ за даночно поттикнување ќе се смета извршената уплата на финансиски средства на посебна трансакциска сметка на примателот на донацијата за таа намена, од моментот на упис во регистар на здружение или фондација согласно со закон до конечното остварување на јавниот интерес за кој се дава конкретна финансиска поддршка.

Во случај на прибирање на средства преку *теледавања*, примателот на донацијата обезбедува потврда за примени средства преку телефонска сметка од телеоператорот на месечно ниво, доколку периодот во кој сметката за донации е отворена е подолг од еден месец.

Во случај на прибирање на средства од *организирани настани*, организаторот на настанот средствата прибрани за донацијата ги уплатува на трансакциската сметка на примателот на донацијата во рок од 30 дена од денот на завршувањето на настанот.

### Кога примателот на донацијата станува сопственик?

Примателот на донацијата станува сопственик на донацијата и ја користи исклучиво за:

- намената определена во договорот за донација;
- намената за која е отворена посебна трансакциска сметка, односно за целта на дознаката во платниот налог со кој се донира, во случај на жирални давања;
- намената за која е отворена телефонска сметка во случај на теледавање; и
- целта за која е организиран настан, кога станува збор за прибирање на средства на организирани настани.

Објавувањето на името на давателот на донацијата во периодичните и годишните извештаи, како и во извештаите за користењето на донацијата и во јавната промоција на донаторот не го менува даночниот третман на донацијата.

Примател на спонзорство може да биде домашно правно лице кое врз основа на примeното спонзорство ги извршува обврските што произлегуваат од Договорот за спонзорство.

## ПОСТАПКА ЗА ДАВАЊЕ И ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА/СПОНЗОРСТВО

### Договор за донација/спонзорство

Давателот и примателот на донацијата и спонзорството склучуваат договор во писмена форма, согласно Законот за облигациони односи, чиј предмет мора да биде остварување на јавен интерес.

### Решение за потврдување на јавниот интерес на донацијата/спонзорството

Давателот на донација/спонзорство поднесува Барање до Министерството за правда за потврдување на јавниот интерес на предвидената донација/спонзорство.

Министерството за правда во согласност со соодветното министерство под чиј ресор е јавниот интерес, во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето, издава Решение со кое се потврдува јавниот интерес на донацијата/спонзорството или не го потврдува јавниот интерес за дадената донација и спонзорство.

### Потврда за донација

За добиената донација, примателот му издава писмена „Потврда за донација" на давателот.

Потврдата се издава на барање на давателот на донацијата по претходна реализација (прием) на предметот на донацијата.

Образецот „Потврда за донација" е пропишан со Правилникот за формата и начинот на издавање на писмена потврда за донации во јавните дејности („Службен весник на РМ", бр.126/14).

Потврдата за донација ќе му послужи на давателот на донацијата како доказ пред даночните власти да ги оствари даночните поттикнувања.

## Извештај за дадена и примена донација/спонзорство

Доколку за донацијата, односно спонзорството се предвидени даночни поттикнувања, дàвателот и примателот на донација/спонзорство се должни, најдоцна во рок од 30 дена од денот на исполнувањето на Договорот за донација/спонзорство, до Управата за јавни приходи да достават Извештај за дадената и примена донација/спонзорство, на пропишаните обрасци.

Давателот на донација/спонзорство доставува Извештај за дадена донација/спонзорство (образец "УЈП-ИДС/ДВ"). Образецот преземете го преку http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/9

Примателот на донација/спонзорство доставува Извештај за примена донација/спонзорство (образец "УЈП-ИДС/ПР"). Образецот преземете го преку http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/8

Во Извештајот задолжително се пополнуваат следните податоци:

- Име и назив на давателот и примателот;
- Име и назив на крајниот корисник;
- Опис на предметот на донацијата и на спонзорството кое овозможува нивно идентификување со назначување на количината, вредноста и другите негови карактеристики;
- Крајна употреба на предметот на донацијата и спонзорството; и
- Други податоци.

Во прилог кон Извештајот, задолжително се доставуваат:

- Договор за донација/спонзорство;
- Доказ дека донацијата/спонзорството има карактер на донација/спонзорство од јавен интерес (Решение од Министерството за правда); и
- „Потврда за донација" со која примателот го потврдува добивањето на донацијата.

## ДАНОЧНИ ПОТТИКНУВАЊА

*„Разумните и успешните луѓе, правните лица пред отпочнување со определена активност, пред да започнат со реализирање на проектот, најнапред размислуваат, проучуваат и ги планираат даночните последици/привилегии и поттикнувања."*

**Даночно поттикнување** е ограничено даночно ослободување на дателот, доколку давањето се остварува во согласност со Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

Даночно поттикнување не може да се оствари кога донацијата/спонзорството се употребуваат за:

- активности на примателот кои се насочени кон поддршка на политички партии и партиски кампањи, и
- давање од едно претпријатије на друго претпријатије.

**Корисник на даночно поттикнување** зависно од видот на данокот, може да биде давателот или примателот на донацијата, односно спонзорството.

Даночно поттикнување може да се оствари за следните видови даноци:

- Персонален данок на доход;
- Данок на добивка;
- Данок на додадена вредност; и
- Даноци на имот.



## Персонален данок на доход

Физичко лице кое донира финансиски средства на правно лице според Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, а врз основа на договорот за донација, има право на намалување на пресметан, а неплатен персонален данок на доход или враќање на платен персонален данок на доход утврден врз основа на неговата годишна даночна пријава (образец ДЛД - ГДП) во висина на донацијата, но не повеќе од 20% од износот на неговиот годишен персонален данок на доход, а најмногу до 24.000 денари.
За остварување на даночното поттикнување физичкото лице - давател на донацијата до органот за јавни приходи доставува Извештај за дадена донација (образец “ДЛД-ИД/ФЛ”) по електронски пат преку e-pdd.ujp.gov.mk најдоцна до 31 јануари наредната година. Во прилог на Извештајот се доставуваат и договорот за дадена донација, решение од Министерство за правда за потврда на јавниот карактер на донацијата и доказ за дадена донација - се доставува во прилог налог за извршена уплата и извод од банка.

**Пример**: Физичко лице донира финансиски средства на правно лице во износ од 200.000 денари. Според неговата Годишна даночна пријава, пресметан му е и не е платен персонален данок на доход во износ 550.000 денари. Правото на намалување на пресметан, а неплатен персонален данок на доход или враќање на платен персонален данок на доход утврден врз основа на Годишната даночна пријава (образец “ДЛД-ГДП”) во висина на донацијата, но не повеќе од 20% од износот на неговиот годишен персонален данок на доход, а најмногу до 24.000 денари.
Тоа значи дека пресметаниот а неплатен персонален данок на доход на физичкото лице, по намалувањето ќе изнесува 526.000 денари (550.000 - 24.000).

550.000 x 20% = 110.000 денари > 24.000 денари

Бидејќи износот на 20% од 550.000 денари, е 110.000 денари и е поголем од 24.000 денари, на лицето му се признава намалување до максимално признатиот износ од 24.000 денари.

Примателот по основ на примените донации нема обврска за плаќање на персонален данок на доход, во согласност со Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.
Доколку краен корисник на донацијата е физичко лице кое истата ја добива во согласност со одредбите од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, во тој случај примателот-физичкото лице по основ на примените донации не е обврзник за плаќање на персонален данок на доход.

## Данок на добивка

Даночното поттикнување кај данокот на добивка е предодредено за правните лица, бидејќи тие се обврзници на овој вид данок.
Кај овој вид данок има едно поттикнување за дадените донации, а второто поттикнување е за дадените спонзорства. Еден правен субјект, како даночен обврзник може да ги оствари двете даночни поттикнувања или само едното.
*На даночниот обврзник на данокот на добивка како расход во Даночниот биланс за оданочување на добивка му се признаваат дадените донации во тековната година до висина од 5% од вкупниот приход.*

**Пример 1**:
Остварениот вкупен приход по сите основи изнесува 10.000.000 денари.
Износот на максимално дозволеното даночно поттикнување изнесува 500.000 денари (10,000,000 x 5%).
Износот на вкупно донираните средства со кои се поттикнува остварувањето на јавниот интерес изнесува 600.000 денари.
Износот за кој не се одобрува даночното поттикнување изнесува 100.000 денари (500.000 – 600.000).
**Пример 2**:
Остварениот вкупен приход по сите основи изнесува 10.000.000 денари.
Износот на дозволеното даночно поттикнување изнесува 500.000 денари (10,000,000 x 5%).
Износот на вкупно донираните средства со кои се поттикнува остварувањето на јавниот интерес изнесува 400.000 денари.
За целиот износ на донираните средства се одобрува даночно поттикнување.

*На даночниот обврзник на данокот на добивка, како расход во Даночниот биланс за оданочување на добивка му се признаваат дадените спонзорства во тековната година во висина од 3% од вкупниот приход.*

**Пример 1**:
Остварениот вкупен приход по сите основи изнесува 10.000.000 денари.
Износот на даночното поттикнување изнесува 300.000 денари (10.000.000 x 3%).
Износот на вкупните средства за спонзорства, со кои се поттикнува остварувањето на јавниот интерес изнесува 600.000 денари.
Износот за кој не се одобрува даночното поттикнување изнесува 300.000 денари (300.000 – 600.000).

**Пример 2**:
Остварениот вкупен приход по сите основи изнесува 10.000.000 денари.
Износот на даночното поттикнување изнесува 300.000 денари (10.000.000 x 3%).
Износот на вкупните средства за спонзорства, со кои се поттикнува остварувањето на јавниот интерес изнесува 200.000 денари.
За целиот износ на средства за спонзорства, се одобрува даночно поттикнување.

За износот на дадените донации/спонзорства над износите за кои се одобруваат даночните поттикнувања се врши зголемување на даночната основа во Даночниот биланс за оданочување на добивка (образец “ДБ”) составен за даночниот период (годината), и истите се оданочуваат со данок на добивка.

За остварување на даночното поттикнување за дадените донации и спонзорства правното лице - давател на донацијата/спонзорството кон Даночниот биланс доставува копија од договорот за донација/спонзорство, копија од решението донесено од Министерството за правда со кое се потврдува јавниот интерес на донацијата/спонзорството, писмена потврда за примена донација/спонзорство, како и доказ за уплатата на средствата.

## Данок на додадена вредност

Даночните поттикнувања за ДДВ не се извршуваат со директно даночно ослободување, туку индиректно, преку враќање на пресметаниот и платениот данок од страна на вршителот на прометот (односно давателот на донацијата во случај кога се донираат добра или услуги), со средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија.
Во случај кога се донираат добра или услуги, давателот на донацијата се смета за вршител на прометот од аспект на Законот за ДДВ.

Даночниот обврзник -вршител на прометот, износот на пресметаниот ДДВ во фактурата за извршениот промет на добра или услуги, го уплаќа со Налог за плаќање на јавни приходи (образец "ПП-50") на:

**Трезорска сметка**: 100000000063095 - Народна банка на РСМ
**Посебна уплатна сметка**: 840 - (ознака на општината) - 02902
**Приходна шифра**: 714119
**Програма**: 00
**Повикување на број (задолжување)**: Се наведува бројот на фактурата за извршениот промет
**Цел на дознака**: ДДВ по основ на донации

Уплатениот данок се враќа на вршителот на прометот врз основа на доставено барање од примателот на донацијата.
Во прилог кон барањето се приложуваат следните докази:

- фактура во оригинал од вршителот на прометот, за прометот на добра и услуги издадена кон примателот на донацијата. Во фактурата треба да е содржан бројот и датумот на решението донесено од Министерството за правда со кое се потврдува јавниот интерес на донацијата, а износот на данок на додадена вредност во фактурата да е искажан во денари.
- копија од решение донесено од Министерството за правда со кое се потврдува јавниот интерес на донацијата и во кое е содржано: предметот на донацијата, вредноста на донацијата, давателот на донацијата и примателот на донацијата.
- копија од Налог за јавни приходи (образец "ПП-50") за извршена уплата на ДДВ.

Доколку се исполнети условите, Министерството за финансии врши исплата на уплатениот износ на ДДВ на сметката на вршителот на прометот.
Без извршена уплата на ДДВ на посебната уплатна сметка по основ на донации од страна на вршителот на прометот Министерството за финансии нема да изврши исплата на ДДВ на сметката на вршителот на прометот.

✓ **Даночни ослободувања од ДДВ за финансирање на активности од јавен интерес**

Од данокот на додадена вредност без исклучување на правото на одбивка на претходниот данок се ослободуваат следниве услуги:

- *услуга за право на влез на културен, спортски или друг јавен настан*, доколку целокупниот приход е наменет и се употребува за финансирање на активност од јавен интерес.
- *услуга од страна на телекомуникациски оператор* со која се овозможува донирање на парични средства за финансирање на активност од јавен интерес.

За искористување на даночното поттикнување организаторот на настанот, односно организаторот на теледавањето, треба да поседува Решение од Министерството за правда со кое се потврдува јавниот интерес.

**Пример**:
Надоместокот за услугата на телеоператор (СМС или телефонски повик), е ослободена од ДДВ доколку е обезбедено Решение од Министерството за правда со кое се потврдува јавниот интерес,
Едноставното плаќање надоместок, а особено плаќањето во готово или дознаката, не претставува промет во економска смисла, односно во овој случај нема противисполнување, што значи дека нема предмет за оданочување со данокот на додадена вредност.
Истото значи дека паричните средства (донацијата) кои се наплаќаат од повикувачите, не подлежат на оданочување со ДДВ.

## Даноци на имот

Донацијата во предмети и материјални добра е *ослободена од данокот на наследство и подарок*, кога давателот му го пренесува правото на плодоуживање и користење на примателот.

Донацијата во предмети и материјални добра е *ослободена од данок на имот* во наредните пет години, од годината во која е дадена донацијата.

## Контрола на користењето на донацијата/спонзорството

Во случаи на примена на даночни поттикнувања УЈП има надлежност да го контролира давањето, примањето и користењето на донацијата/спонзорството.

Доколку УЈП констатира дека донацијата и спонзорството немаат карактер на донација и спонзорство од јавен интерес, го укинува правото на даночните поттикнувања и изготвува решение со кое го задолжува корисникот на даночното поттикнување со износот на користеното даночно ослободување и со казнените давачки, согласно Законот за даночна постапка.

**Контакт центар**
ул. „11 Октомври“ бр. 27,
1000 Скопје
тел. 0800 33 000; 02/3253 200

**Генерална дирекција Скопје**
бул. „Кузман Јосифовски – Питу“ бр.1
(Комплекс банки), 1000 Скопје
тел. 02/3299 500; факс 02/3281 010

**Дирекција за големи даночни обврзници**
ул. „12-та Ударна бригада“ бр. 2-а,
1000 Скопје
тел. 02/3251 600; факс 02/3251 610

**Регионална дирекција Скопје**
ул. „11 Октомври“ бр. 27, 1000 Скопје
тел. 02/3163 411; факс 02/3213 938

**Регионална дирекција Битола**
ул. „Мирче Ацев“ бр.3, 7000 Битола
тел. 047/235 504; факс 047/235 501

**Регионална дирекција Прилеп**
ул. „Прилепски бранители“ бр.6, 7500 Прилеп
тел. 048/416 284

**Регионална дирекција Тетово**
ул. „Дервиш Цара“ бр. 56, 1200 Тетово
тел/факс 044/335 515

**Регионална дирекција Штип**
ул. „Плоштад Слобода“ 66, 2000 Штип
тел. 032/397 818; факс 032/392 050

**Регионална дирекција Струмица**
ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1, 2400 Струмица
тел/факс 034/343 057

www.ujp.gov.mk

info@ujp.gov.mk

kontaktcentar.ujp.gov.mk

etax.ujp.gov.mk

e-pdd.ujp.gov.mk

e-aukcii.ujp.gov.mk

ISBN: 978-608-4866-26-8